**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 12-529/2
20.06. 201 7 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: 05-7-2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност: |
| 02-1144/5 | | | |

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 4. седница одржана на 09.06.2017 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Нутриционизам" прв циклус студии на Природно математички факултет, Институт за биологија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје**

1. Се акредитира студиска програма **„Нутриционизам" прв циклус студии на Природно математички факултет, Институт за биологија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од четири години (осум семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС и со звање: **Дипломиран нутриционист.** Научно - истражувачко подрачје: природно-математички науки (1), биотехнички науки (4); научно – истражувачко поле: биологија (102); биохемија (108), биотехнологија (413), прехранбена технологија (414); научно – истражувачка област: биологија (10200), биохемија (10201), физиологија (10207, 10215), микробиологија (10210), микробна биотехнологија (41302), нутриционизам (41401);

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Природно математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, прв циклус студиска програма „Нутриционизам“, на 30.12.2016 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 4. седница одржана на 09.06.2017 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Беким Фетаји